Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ СУ.бр 4 / 23
08.

[redacted]

До
Основен суд Кратово
ул. Јосиф Даскалов бб.

[redacted]

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

[redacted] спроведува мониторинг на спроведување на Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Северна Македонија (2021-2025) во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица", финансиран од Европската Унија.

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. Колку пресуди за општокорисна работа се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
2. Колку пресуди за условна осуда се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
3. Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
4. Колку пресуди за судска опомена се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
5. Колку пресуди за куќен затвор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
6. Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обажалени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.

Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да го контактирате електронски лицето за контакт и тоа [redacted]

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **√ електронски запис**
- д) друго ______________________________________

[redacted]

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- √ г) е-маил
- д) друго ______________________________

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса:

[redacted]

Изработила
А.Т.

Скопје, 04.05.2023 година

**Ви благодариме за соработката,**

[redacted]

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Примено непосредно - преку пошта (обично - препорачано)
на 08.05.23 200_год. во 1 примерка со прилози
___________ и ___________ рубрики.
Предадено на пошта препорачано на рецепис на ________
ден ___________ 200_ год.
Подавката е таксирана со ___________ денари. Недостига
такса од ___________ денари. Подавката е примена без такси.
Примени вредности (пари, судски марки и сл.) ___________
Службеник одделение

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.4/23
09.05.2023 год.
Кратово

**ДО**

До
[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 08.05.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.4/23 од 09.05.2023 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.4/23
09.05.2023 год.
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 08.05.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот [redacted], за пристап до информации од јавен карактер со предмет: 1.Колку пресуди за општокорисна работа се изречени?, 2. Колку пресуди за условна осуда се изречени? 3. Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени? 4.Колку пресуди за судска опомена се изречени?, 5.Колку пресуди за куќен затвор се изречени? 6.Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обжалени?, со податоци за периодот 2021 и 2022 година, СЕ УВАЖУВА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер од 08.05.2023 година доставено од барателот [redacted], имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ја доставува информацијата:

1. Изречени пресуди за општокорисна работа во 2021 и 2022 година - **нема**;
2. Изречени пресуди за условна осуда:
   - 2021 год. **– 24 пресуди** и
   - 2022 **– 12 преуди**
3. Изречени пресуди за условна осуда со заштитен надзор во 2021 и 2022 година – **нема;**
4. Изречени пресуди за судска опомена во 2021 и 2022 година – **нема;**
5. Изречени пресуди за куќен затвор во 2021 и 2022 година – **нема;**
6. Обжалени пресуди со изречени алтернативни мерки :
   - 2021 година – **6 пресуди** и
   - 2022 година – **нема.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 09.05.2023 година, под СПИ.бр.4/23

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово